Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 20**

**30.12.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ПРОГРАМА**
**за јавна чистота на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Ја објавувам Програмата за јавна чистота на Општина Демир Хисар во 2017 година донесена на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/1** **Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

570.Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ" бр. 111/08г), а согласно член 43 точка 24 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.12. 2016 година донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ ДЕМИР ХИСАР**
**во 2017 година**

## ВОВЕД

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти на кои ќе се врши одржување на јавната чистота се: улиците, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти, јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината. Работите на одржувањето на јавната чистота општината може со одлука на советот да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи, согласно со закон. Правата и обврските помеѓу општината и правното лице се уредуваат со договор кој содржи: вид и обем на работите, начин и рок на плаќање за извршување на работите и гаранција за исполнување на обврските од договорот.

Согласно член 24 од Законот за јавна чистота Советот на општината ја утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржувањето на јавните површини и нивното подрачје.

Исто така Советот на општината ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал овој надоместок.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

По исклучок наплатата на надоместокот може да се наплатува и одвоено преку доставување на посебна сметка, кога одржувањето на јавната чистота го врши правно лице различно од лицето кое врши собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавни површини и објектите и сместување во садови за смет.

Смет е збир од отпадоци што се собираат при одржување на јавната чистота.

Потеклото и видот на сметот на јавните површини зависи од:
-густина на населеноста
-градски сообраќај
-станбениот простор
-начинот на исхрана
-културата и другите навики на градските жители.

Сметот од јавните површини е од различно потекло и се состои воглавно од:

**1. Нормален секојдневен смет**-отпадоци во кои се вбројуваат:
-отпадоци кои се создаваат во просториите каде се живее или работи;
-отпадоци од храна, амбалажа, употребена хартија, разни метални, стаклени и пластични садови, стари алишта и слично;
-обичен уличен смет: кутии од цигари, кибрити, опушоци, мастики, амбалажи, хартија и слично;
-отпадоци кои се јавуваат при транспорт со возила (кај збирање на куќен смет, разнесување на градежен материјал, земјоделско ѓубре, сено, отпад, намирници и друго при утовар и растовар на разни врсти стока);
-при интезивни врнежи на дожд се врши преносно загадување на јавните сообраќајни површини од разни наноси (песок, земја, лисја и др.)

**2. Сезонски смет**- кој се појавува на јавните површини обично само еднаш годишно. Тоа е последица на климатските промени и претставува извесна опасност за сигурноста на сообраќајот и здравјето на луѓето. Сезонски смет има две врсти и тоа:
-лисјата од дрвата кои паѓаат на јавните и сообраќајни површини покрај дрворедите и парковите. Оваа појава ја има на есен и претставува опасност за безбедноста на сообраќајот и движење на луѓето. Исто така од лисјата може да дојде до затнување на сливниците, односно градската канализација;
-песок и ситен камен (кој служи во зимскиот период за посипување на јавните сообраќајни површини заради намалување на лизгањето на возилата).

**А. ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ**

Ако се земат во предвид годишните времиња постојат две сезони за чистење на јавните и сообраќајни површини:

**-Зимско чистење на улици:** кое осигурува несметан сообраќај на возила и пешаци, кај снежни врнежи и голомразици со чистење и отклонување на снегот и посипување на улиците со сол и песок.

**-Летно чистење на улиците** се обавува на два начина:

- суво чистење на јавните и сообраќајни површини
- водено чистење на јавните и сообраќајни површини

За утврдување на потребен број на работници за чистење на јавните и сообраќајни површини се користени Прирачници за нормирање и утврдување на обемот на работите и работните задачи за чистење на јавните сообраќајни површини.

**1.СУВО ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ**

Ова чистење ја исклучува употребата на вода и може да се применува за чистење на сите јавни и сообраќајни површини.

Работникот кој обавува чистење на јавните површини снабден е со количка, лопата и метла. Чистењето го обавува така што сметот го собира на купчиња а потоа со лопата и со метла го утоварува во количка, која откако ќе се наполни ја носи во реонска депонија или контејнер од каде се изнесува со возило.

Чистењето на јавните сообраќајни површини во градот ќе се врши во следните предлог зони:

**Прва зона**- 2 (два) пати месечно, односно секоја втора недела и

**Втора зона**-1 (еднаш) месечно

**Прва зона-чистење 2 пати месечно**

| ред.бр. | улица | $м^1$ | $м^2$-коловоз+тротоар |
|---|---|---|---|
| 1. | "Битолска" | 1.770,00 | 15.930,00 |
| 2. | "Маршал Тито" | 990,00 | 7.920,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | "1-ви Мај" | 840,00 | 6.720,00 |

Вкупно: 3.600,00м[1] 30.570,00м²

Потребниот број на работници за чистење на јавните сообраќајни површини во прва зона ќе се утврди со помош на Т-21 и спрема неа се утврдува времето за чистење за 1м² ефективна површина и работниот учинок од м²/час. При пресметките е пресметан степенот на загаденост кој изнесува 2(втор) степен односно 50см³/м².

30.570,00 м²х0.36 ден/м²= 11.005,00 ден. за едно чистење
2х 11.005 ден.= 22.010,00 ден. за две чистења месечно
**12 месеци х 22.010 ден. = 264.125,00 денари/годишно**

**Втора зона-чистење еднаш месечно**

| ред. бр. | улица | м[1] | м²-асфалт |
|---|---|---|---|
| 1. | "Партизанска" | 1.600,00 | 12.800,00 |
| 2. | "29-ти Ноември" | 320,00 | 2.560,00 |
| 3. | "Вељко Влаховиќ" | 420,00 | 3.360,00 |
| 4. | "Гоце Делчев" | 1.300,00 | 10.400,00 |
| 5. | "Ѓорѓи Сугарев" | 180,00 | 1.440,00 |
| 6. | "Илинденска" | 200,00 | 1.600,00 |
| 7. | "Стојан Лазаревски" | 160,00 | 1.280,00 |
| 8. | "Јордан Пиперката" | 230,00 | 1.840,00 |
| 9. | "Железник" | 160,00 | 1.280,00 |
| 10. | "2-ри Септември" | 160,00 | 1.280,00 |
| 11. | "4-ти Јули" | 260,00 | 2.080,00 |
| 12. | "11-ти Октомври" | 250,00 | 2.000,00 |
| 13. | "Охридска" | 160,00 | 1.280,00 |
| 14. | "Левко Џамбазовски" | 110,00 | 880,00 |
| 15. | "Дехитекс" | 460,00 | 3.680,00 |
| 16. | "Мургашево" | 220,00 | 1.760,00 |
| 17. | "Веле Марков" | 220,00 | 1.760,00 |
| 18. | "Даме Груев" | 150,00 | 1.200,00 |

Вкупно: 6.560,00м[1] 52.480,00м²

52.480,00 м²х 0.36 ден/м²= 18.893,00 ден. за едно чистење месечно
**12 месеци х 18.893,00 ден. = 226.716,00 денари/годишно**

**ЗБИРНА СУМА ЗА ДВЕТЕ ЗОНИ**

Прва зона........................ **264.125,00 ден**
Втора зона. ..................... **226.716,00 ден**

**Вкупно: 490.841,00 ден/годишно**

**Б. МИЕЊЕ НА УЛИЦИ**

Ја вклучува употребата на вода и е најквалитетно и треба да биде основен начин за летното чистење на јавните сообраќајни површини. Бидејќи ЈКП "Комуналец" Демир Хисар не поседува потребно возило-автоцистерна за вршење на оваа услуга миење на јавните сообраќајни површини, и доколку Советот на Општината смета да оваа услуга ја врши ЈКП"Комуналец" треба заедно со претпријатието да обезбеди средства за набавка на потребно возило-автоцистерна или оваа услуга да ја врши друго правно лице регистрирано за оваа дејност согласно со закон.

**В. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ**

Чистењето ќе се врши по потреба со камион "ФАП 14-14" со снежен нож со тракторот кој има монтирано снежен нож и со Катерпилар.
За чистење во градот Демир Хисар ги има следниве асфалтирани улици:
**Асфалтирани улици:**

1."Маршал Тито"со должина =990 м[1]
2."1-ви Мај" =840 м[1]
3."Вељко Влаховиќ" =420 м[1]
4."29-ти Ноември" =320 м[1]
5."Партизанска" =1.600 м[1]
6."Илинденска" =200 м[1]
7."Ѓорѓи Сугарев" =180 м[1]
8."Гоце делчев" =1.300 м[1]
9."Стојан Лазаревски" =160 м[1]
10."Железник" =160 м[1]
11."2-ри Септември" =160 м[1]
12."Охридска" =160 м[1]
13."Левко Џамбаз" =110 м[1]
14"Дехитекс" =460 м[1]
15."Мургашево" =220 м[1]
16."4-ти Јули" =260 м[1]
17."11-ти Октомври" =250 м[1]
18."Битолска" =1.770 м[1]
19."Јордан Пиперката" =230 м[1]
20."Веле Марков" =220 м[1]
21."Даме Груев" =150 м[1]

Вкупно: 10.160 м[1]

Предлог цена за чистење на снег на асфалтираните улици во Демир Хисар со ФАП 14-14 или трактор со снежен плуг изнесува од **1км= 800,00 ден., и рачно чистење по тротоарите на $м^2$ површина= 6,80 денари/ $м^2$.**

**Бидејќи чистењето на снег по коловозот на улиците е опфатено со Програмата за зимско одржување на патишта и улици, во оваа Програма ќе се опфати само чистење на снег на тротоари по улиците "Битолска" со должина од 1.770,00 метри, "Маршал Тито" во должина од 150,00 метри, како и чистење на снег на јавни површини.**

**Вкупно тротоари: 1.920,00 $м^2$ x 6,80 ден x 5 пати = 65.280,00 денари/годишно**

Во зимски услови при снежни врнежи давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна **во рок од 6 часа** од почетокот на снежните врнежи.

## Г.ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА НА ПЛАНИНСКИТЕ РЕГУЛАЦИОНИ ОДВОДНИ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ

Во градот Демир Хисар има два планински регулациони одводни отворени канали и тоа на улица "1-ви Мај" и на улицата што ја поврзува "Битолска" со "Партизанска" пред Општината Демир Хисар и АД"Дехитекс". Дополнително по барање на граѓани ќе се врши чистење и на канал за атмосферски води што се собираат од улица вПартизанскаг започнувајќи од решетката пред куќа бр.19, па надолу во должина од 30 метри. **Вкупната должина изнесува 850м.** За одржување на хигиената за двата планински регулациони одводни отворени канали во Демир Хисар потребни се двајца работници и чистењето да биде еднаш месечно.

1. 2 работника x 110,00 денари x8 часа x 12 месеци = 21.120,00 ден.
2. Изнесување на наносен материјал и шут од одводните канали
годишно 2 паушал 6.000,00 денари = 12.000,00 ден.

---

**Вкупно: = 33.120,00 ден/годишно**

## Д. СОБИРАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ДО ОДРЕДЕНИ ДЕПОНИИ (ЈАМИ)

По барање на Општината за превоз со возило од час:
по 2.200,00 ден.
Поединечно собирање на угинати кучиња и други животни:

по 800,00 ден/парче

**Претпоставено потребни средства ............................18.187,00 ден/годишно**

## Ѓ. ПОСТАВУВАЊЕ И СМЕТНУВАЊЕ НА ЗНАМИЊА ЗА ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ

За поставување и сметнување на знамиња се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници или за едно поставување се потребни 3 часа.

2 работници x 110 ден x 3 часа x 12 повторувања = 7.920,00 ден
1 камион x 3 часа x 2.000,00 x 12 повторувања = 72.000,00 ден
1 возач x 3 часа x 140,00 ден x 12 повторувања = 5.040,00 ден

---

Вкупно: = 84.960,00 ден

**Вкупно: = 84.960,00 ден/годишно**

## Е. ПОСТАВУВАЊЕ НА СВЕТЛЕЧКИ УКРАСИ ВО ГРАДОТ ПРЕД НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

За поставување на светлечки украси во градот пред новогодишните празници се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници.
**Претпоставено: 20 часа x 2.200,00 ден = 44.000,00 денари**

## Ж. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Јавното зеленило во градот е распределено на две целини и тоа:
-градски парк со површина од 5.010 $м^2$
-зеленило по улици и тротоари од 1.190 $м^1$
Зеленилото по улици е распоредено само по улицата "Битолска".

Потребни средства за одржување на градското јавно зеленило се следните:

**ГРАДСКИ ПАРК**

1.Полевање на тревник
4.380 м$^2$ х 1,20 х 10 повторувања =

**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Косење на тревник
4.380 м$^2$ х 1,40 х 5 повторувања = 30.660,00 ден

3.Собирање на покосена трева
4.380 м$^2$ х 0,80 х 5 повторувања = 17.520,00 ден

4.Гриблање и чистење на листови
4.380 м$^2$ х 1,60 х 5 повторувања = 35.040,00 ден

5.Метење на патеки
340 м$^2$ х 0,50 х 10 повторувања = 1.700,00 ден

6.Режење на ружи и грмушки
30 парчиња х 32,00 х 2 повторувања = 1.920,00 ден

7.Окопување на ружи и грмушки
30 парчиња х 60,00 х 4 повторувања = 7.200,00 ден

8.Копање на цветни зони
290 м$^2$ х 14,20 х 2 повторувања = 8.236,00 ден

---

**Вкупно = 102.276,00 ден./годишно**

**АЛЕА НА УЛ. "БИТОЛСКА"**

1.Поливање на цветна алеа
1.190 м$^2$ х 2,80 х 5 повторувања =

**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2.Окопување на ружи и грмушки
1.190 м$^2$ х 2,60 х 2 повторувања = 6.188,00 ден

3.Режење на ружи и грмушки
90 парчиња х 32,00 х 2 повторувања = 5.760,00 ден
4.Одвоз на вишок на земја на окопување
1.190 м$^1$ х 3.60 х 2 повторувања = 8.568,00 ден

---

**Вкупно: = 20.516,00 ден/ годишно**

**Се вкупно за одржување на јавно градско зеленило 122.792,00 ден/годишно**

## З. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Согласно обврските на општините, предвидени во членот 12 став 2 од Законот за јавна чистота, потребно е обезбедување на локации и изградба на јавни санитарни јазли. Во Деталниот урбанистички план за градот Демир Хисар предвидена е една локација наменета за изградба на јавен санитарен јазол која се наоѓа во близина на зелениот пазар во Демир Хисар. Покрај оваа локација се смета за потребно предвидување на уште една локација за изградба на санитарен јазол кај спортско рекреативниот комплекс на игралишта.
Општина Демир Хисар согласно Програмата за 2009 година, изработи техничка документација за изградба на јавен санитарен јазол за локацијата во близина на зелениот пазар.
Потребните финансиски средства за изградба на санитарниот јазол согласно изработените предмер и пресметка во техничката документација ќе треба да се обезбедат од надлежните Министерства или фондови, поради неможноста тие да се обезбедат од буџетот на општината.

## S. ПОСТАВУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ ЗА ФРЛАЊЕ НА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И НА ОТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Корисници или сопственици на јавни објекти се должни заради редовно одржување на јавната чистота во дворните површини надвор од објектите да обезбедат и постават садови за фрлање на отпадоци.

За одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска

сопственост, општината континуирано ќе води грижа за обезбедување на садови за отпадоци, кои ќе бидат соодветно поставени на места определени за таа намена.

Во соработка со ЈКП "Комуналец" редовно ќе се ажурира графичкиот приказ на претходно поставените канти и контејнери во градот Демир Хисар, и ќе бидат предложени места за поставување на нови контејнери и канти за отпадоци.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**А. Чистење на јавни сообраќајни површини ............ 490.841,00 ден**
**Б. Миење на улици ........................................................ /**
**В. Чистење на снег од тротоари ................................ 65.280,00 ден**
**Г. Одржување на хигиена на планински регулациони канали ........................................................ 33.120,00 ден**
**Д.Собирање и однесување на угинати животни до одредени јами ............................................. 18.187,00 ден**
**Ѓ. Поставување и сметнување на знамиња за државни празници ........................................................ 84.960,00 ден**
**Е. Поставување на светлечки украси пред новогодишни празници ......................................... 44.000,00 ден**
**Ж.Одржување на јавно зеленило ................................ 122.792,00 ден**
**З. Обезбедување на јавни санитарни јазли ................ /**
**Ѕ. Поставување на садови за отпадоци ........................ /**

**Вкупно: 859.180,00 ден/год**
**ДДВ 5% 42.959,00 ден**
**Се вкупно: 902.139,00 ден**

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Потребните средства за финансирање на работите предвидени во Програмата ќе бидат обезбедени од:

| Ред.бр. | Извор за финансирање | Износ (денари) со додаден ДДВ 5% |
|---|---|---|
| 1. | Од корисници на услуги:<br>-домаќинства:<br>-правни лица: | <br>337.764,00<br>564.375,00 |
| 2. | Буџет на општината | |
| 3. | Од прекршочни казни (општокорисна работа) | |
| 4. | Од донации (контејнери, канти за смет) | |
| | **Вкупно:** | **902.139,00 денари** |

**Бр. 17-1018/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.12.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2017 година**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2017 година донесена на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/3 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

571.Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана на 29.12.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2017 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2017 година изнесува 76,80 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2017 година.

**Бр. 17-1018/4 Совет на општина Демир Хисар**
**29.12.2016 год. Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар во 2017 година донесена на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/4 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

572.Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011 ), и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Демир Хисар (“Службен гласник на Општината Демир Хисар” број 3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на четириесет и втората седница одржана на ден 29.12.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година**

Член 1

Буџетот на Општината Демир Хисар за 2017 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и други приливи значително отстапуваат од планот предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетските корисници, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% , а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Член 8

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетските корисници го извршуваат врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 11

Месечниот надомест за присуство на седница на советниците се утврдува на 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на Совет на општината за раководење и организирање на работата на Советот му следува зголемен месечен надомест од 30% на утврдениот износ.

Член 12

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- висината на потребните средства за исплата на плата на Градоначалникот на општината се утврдува според законски утврден коефициент кој изнесува 2,7 помножен со основицата за пресметување на плата утврдена со Закон која се менува согласно законските измени.

За вработените во општинската администрација:

- За државните службеници вредноста на бодот ќе биде утврдена со посебна одлука.

- Кај останатите вработени во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници , вредноста на бодот изнесува 20,50 денари .

Член 13

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии .Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП- 1 , копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува платата и образец 6.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на вработениот во Општината му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 15

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот но не повеќе од 30.000,00 денари по семејство.

На вработениот во општината и локалните јавни установи , во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак , посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалните јавни установи и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Член 16

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програма Градоначалник –Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 17

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на општината се врши со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

Член 19

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 20

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Член 21

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Буџетот на Општина Демир Хисар се извршува од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар", а ќе се применува од 01.01.2017 година.

**Бр. 17-1018/5** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.12.2016 год.** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Ја објавувам Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар во 2017 година донесена на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/5 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

573.Согласно одредбите на член 20 став 2 од Законот за дополнување на Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 до 103/01) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02 ) Советот на општината Демир Хисар на 42 седница одржана на ден 29.12. 2016 г. ја донесе следната :

***О Д Л У К А***
**За висината на благајничкиот максимум за 2017 година**

Член 1
Благајничкиот максимум за 2017 година се утврдува на износ од **30.000,00 денари** , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2
Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3
Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од **6000,00 денари**.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

**Бр. 17-1018/6 Совет на општина Демир Хисар**
**29.12.2016 Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување Проект за развој на спорт и спорски активности на Општина Демир Хисар за период 2016-2019 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување Проект за развој на спорт и спорски активности на Општина Демир Хисар за период 2016-2019 година донесен на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/6 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

574.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.12.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување Проект за развој на спорт и спорски активности на Општина Демир Хисар за период 2016-2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Проектот за развој на спорт и спорски активности на Општина Демир Хисар за период 2016-2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 1018/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.12.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување Проект за Демирхисарско Културно лето за период 2016-2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување Проект за Демирхисарско Културно лето за период 2016-2020 година донесен на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/7 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

575.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.12.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување Проект за Демирхисарско Културно лето 2016-2020 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Проектот за Демирхисарско Културно лето 2016-2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 1018/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.12.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Залкучок за усвојување Проект за реализација на целосна наплата на долговите од данок на имот и данок од комунална такса (фирмарина )за период 2016-2019 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување Проект за реализација на целосна наплата на долговите од данок на имот и данок од комунална такса (фирмарина) за период 2016-2019 година донесен на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/9 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

576.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05,

7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.12.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување Проект за реализација на целосна наплата на долговите од данок на имот и данок од комунална такса (фирмарина) за период 2016-2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Проект за реализација на целосна наплата на долговите од данок на имот и данок од комунална такса (фирмарина) за период 2016-2019 година .

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 1018/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.12.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

577.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на БУЏЕТ на Општина Демир Хисар за 2017 година**

1.Го објавувам Буџетот на Општина Демир Хисар во 2017 година донесен на 59-та седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/2 Општина Демир Хисар**
**30.12.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

577.Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Демир Хисар на 42 мата седница одржана на 29.12.2016 година, донесе

**Б У Џ Е Т**

**На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2017 година**

1.Општ дел

Член 1

Буџет на Општина Демир Хисар за 2017 година

| | |
|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 179.207.000 |
| Даночни приходи | 17.273.000 |
| Неданочни приходи | 5.846.000 |
| Капитални приходи | 5.615.000 |
| Приходи од дотации | 69.926.000 |
| Приходи одтрансфери | 64.033.000 |
| Приходи од донации | 16.514.000 |
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 194.389.561 |
| Од утврдени намени | 194.259.561 |
| Расходи од резерви | 130.000 |
| III. ДЕФИЦИТ | -15.182.561 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | -15.182.561 |
| Прилив | 15.182.561 |
| Домаш.задолжувања | 15.182.561 |
| Странски заеми | 0 |
| Одлив | 0 |
| Отплата на главница | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

-------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Годишна Програма за јавна чистота на Општина Демир Хисар за 2017------1-6
2. Одлука за утврдување вредност на бодот за платите на административните службеници за 2017 година----------------------------------7
3. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година-7-9
4. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2017 ----10
5. Заклучок за усвојување на Проект за развој на спорт и спорски активности на Општина Демир Хисар за период 2016-2019 година-----------------------------------11
6. Заклучок за усвојување Проект за Демирхисарско Културно лето за период 2016-2020 година------------------------------11
7. Заклучок за усвојување на Проект за реализација на целосна наплата на долговите од данок на имот и данок од комунална такса (фирмарина) за период 2016-2019 година-----------------------------12
8. Буџет на Општина Демир Хисар за 2017 -----------------------------------------12

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**